ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА и УСЛУГИ
АГРОМЕХАНИКА АД Увоз Извоз
Н а д з о р е н   о д б о р
Бр. 0203-269/2-65
28.05. .2012 година
С К О П Ј Е

ДО СОБРАНИЕТО НА ДРУШТВОТО
ЗА ТРГОВИЈА И УСЛУГИ АГРОМЕХАНИКА АД
УВОЗ ИЗВОЗ СКОПЈЕ

# И З В Е Ш Т А Ј

Согласно одредбите од член 480 од Законот за трговски друштва и член 32 од Статутот на Друштвото за трговија и услуги АГРОМЕХАНИКА АД Увоз Извоз Скопје, Надзорниот одбор на Друштвото како орган за надзор, изготви извештај за работењето на Друштвото за периодот 01.01.2011 година до 31.12.2011 година,разгледувајќи ги добиените материјали од страна на Управниот одбор на Друштвото и тоа :

1. Извештај за извршена ревизија
2. Извештај за извршена ревизија за службата за внатрешна ревизија
3. Годишниот извештај од Управниот одбор за работењето на Друштвото
4. Годишана сметка и финансиски извештаи
5. Предлог одлука од Управен одбор за извори за покривање на загубата за финансиската година

Извештајот го изготвува Надзорниот одбор на Друштво АГРОМЕХАНИКА АД Увоз Извоз Скопје во состав :
Даница Шишовска - претседател
Љиљана Ангеловска - член
Ѓорѓи Тоновски - независен член

## 1. Извештај за извршена ревизија

Извршена е ревизија на придружните финансиски извештаи составени од Извештај за финансиската состојба на ден 31 декември 2011 годинаи Извештај засеопфатна добивка,извештај за промените во капиталот и Извештај за паричните текови за годината што тогаш заврши како и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки .
Раководството е одговорно за изготвување на објективно презентирање на овие финансиски извештаи согласно Меѓународните Стандарди за Финансиско Известување, како и за воспоставување на таква внатрешна контрола која Раководството утврдува дека е неопходна за да овозможи изготвување на финансиски извештаи.
Стекнатите ревизорски докази претставуваат задоволителна и соодветна основа за солидно ревизорско мислење, освен на некои забелешки.
Во финансиските извештаи на Друштвото со состојба на 31.12.2011 година-Друштвото има евидентирано финансиски средства расположиви за продажба во износ од 8.641 илјади денари кои се состојат од хартии од вредност . Вложувањата се иницијално признаени според трошокот направен за нивното стекнување, а не е извршена проценка на објективната вредност на овие вложувања на датумот на известувањето.
Со состојба на 31.12.2011 година салдото на побарувања од купувачите и останатите побарувања изнесува 7.830 илјади денари и истото вклучува побарувања постари од две и повеќе години во износ од 5.876 илјади денари за кои постои значајно сомневање за нивна наплата.
Од вкупниот износ на краткорочни финансиски побарувања по основ на дадени позајмици со камата , 1.746 илјади денари се концентрирани кај едно домашно правно лице.
Евидентираниот капитал на Друштвото на 31.12.2011 година изнесува 94.451 илјади денари и истиот не е усогласен со износот на основната главнина регистрирана во Централниот регистар на РМ и со состојбата во акционерската книга издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност.
Според мислење на ревизијата , освен за ефектот од евентуалните корекции , кои би произлегле од прашањето дискутирано во претходниот пасус , придружните финансиски извештаи ја претставуваат реално , во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Друштвото на ден 31 Декември 2011 , во согласност со Меѓународните Стандарди за Финансиско Известување.

Надзорниот одбор на Друштвото го разгледа извештајот на ревизорската куќа ГРАНД ТОРНТОН ДОО Скопје за работењето на Друштвото за период од 01.01.-31.12.2011 година , истиот го усвои и донесе предлог одлука до Собранието на Друштвото за усвојување на истиот.
Извештајот е изготвен со потполна согласност на сите членови на Надзорниот одбор.

**2.Извештај за работењето на службата за внатрешна ревизија**

Согласно Измените и дополнувањата на Законот за трговски друштва објавени во Сл. Весник на РМ бр. 48/2010, во акционерски друштва кои согласно одредбите на овој закон се третираат како голем трговец, како и во друштва чии акции котираат на берза, односно друштва кои согласно Законот за хартии од вредност се со посебни обврски за известување, постои законска обврска за организирање служба за внатрешна ревизија, како независна организациска единица во друштвото. Согласно овие Измени и дополнување на Законот за трговски друштва, предвидено е дека одредбите кои се однесуваат на Службата за внатрешна ревизија ќе се применуваат од 01 јануари 2011 година. АГРОМЕХАНИКА АД увоз-извоз Скопје ги исполнуваше условите предвидени во споменатата законска регулатива, следствено, во организациската структура на друштвото беше формирана посебна Работна единица за внатрешна ревизија.

Службата за внатрешна ревизија,во текот на спроведување на сите контроли, тековно и периодично реферираше до Надзорниот одбор за тековните активности, и редовно одржуваше комуникација и обавуваше консултации со Раководителите на процесите кои беа предмет на внатрешна контрола.

Надзорниот одбор на Друштвото го разгледа извештајот на Службата за внатрешна ревизија на Друштвото за .2011 година , истиот го усвои и донесе предлог одлука до Собранието на Друштвото за усвојување на истиот

**3. Годишен извештај од Управен одбор за работењето на Друштвото**

Надзорниот одбор на Друштвото го разгледа извештајот на Управниот одбор на Друштвото за период од 01.01.- 31.12.2011 година , истиот го усвои и донесе предлог одлука до Собранието на Друштвото за усвојување на истиот.

**4. Годишана сметка и финансиски извештаи**

Надзорниот одбор на Друштвото ги разгледа Годишната сметка и финансиските извештаи за период од 01.01. - 31.12.2011 година .
Друштвото финансиската година 2011 ја заврши со загуба во износ од 4.077.089,00 денари , односно ,

**АКТИВА**

| Реден број | О п и с | Состојба 31.12.2010 (во денари) | Состојба 31.12.2011 (во денари) | |
|---|---|---|---|---|
| **I.** | **Постојани средства** | **86.084.855,00** | **72.238.889,00** | **83,92** |
| 1. | Материјални средства | 69.907.398,00 | 68.439.524,00 | 97,90 |
| 2. | Финансиски вложувања | 16.177.457,00 | 3.799.365,00 | 23,49 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **II.** | **Тековни средства** | **18.506.399,00** | **16.202.917,00** | **87,55** |
| 1. | Залихи | 51.845,00 | 49.220,00 | 94,94 |
| 2. | Краткорочни побарувања | 7.372.859,00 | 7.680.960,00 | 104,18 |
| 3. | Краткорочни финансиски вложувања | 11.065.465,00 | 8.430.455,00 | 76,19 |
| 4. | Парични средства и хартии од вредност | 16.230,00 | 42.282,00 | 260,52 |
| **III.** | **Платени тошоци за идни периоди (АВР)** | **76.111,00** | **148.070,00** | **194,54** |
| **IV.** | **ВКУПНА АКТИВА** | **104.667.365,00** | **88.589.876,00** | **84,64** |

**ПАСИВА**

| Реден број | О п и с | Состојба 31.12.2010 (во денари) | Состојба 31.12.2011 (во денари) | Индекс % ( 4 : 3 ) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 4 | 4 | 5 |
| **I.** | **Запишан капитал** | **94.451.848,00** | **94.451.848,00** | **100,00** |
| **II.** | **Сопствени акции ( - )** | **-** | **14.983.080,00** | **-** |
| **III.** | **Резерви** | **13.092.332,00** | **13.092.332,00** | **100,00** |
| **IV.** | **Пренесена загуба ( - )** | **4.762.520,00** | **15.074.209,00** | **316,52** |
| **V.** | **Загуба за финансиската година ( - )** | **10.311.689,00** | **4.077.089,00** | **39,54** |
| **VI.** | **Добивка за финансиската година** | **-** | **-** | **-** |
| **VII.** | **Долгорочни обврски** | **-** | **3.046.141,00** | **-** |
| **VI** | **Краткорочни обврски** | **12.196.515,00** | **11.940.449,00** | **97,90** |
| 1. | Кредити од банки | 3.300.000,00 | 3.250.000,00 | 98,48 |
| 2. | Краткорочни обврски - добавувачи | 2.222.066,00 | 2.788.502,00 | 125,49 |
| 3. | Останати краткорочни обврски | 6.674.449,00 | 5.901.947,00 | 88,43 |
| **VII** | **Одложено плаќање на трошоци (ПВР)** | **879,00** | **193.484,00** | **-** |
| **VIII** | **ВКУПНА ПАСИВА** | **104.667.365,00** | **88.589.876,00** | **84,64** |

Билансот на успехот за период од 01.01.2011 - 31.12.2011 година , е вкупните приходи изнесуваат **10.571.108,00** денари , вкупните расходи изнесуваат **14.479.632,00** денари , искажаната загуба пред оданочување за финансиската година изнесува **3.908.524,00** денари, а вкупната загуба после оданочување изнесува **4.077.089,00** денари и тоа:.

## II БИЛАНС НА УСПЕХ

| Реден број | О п и с | Состојба 31.12.2010 год. ( во денари ) | Состојба 31.12.2011 год. ( во денари ) | Индекс % ( 4 : 3 ) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 4 | 4 | 5 |
| 1. | Приходи од продажба | 8.082.514,00 | 9.845.354,00 | 121,81 |
| 2. | Останати деловни приходи | 480.908,00 | 537.628,00 | 111,79 |
| 3. | Приходи по основ на камати,курсни разлики и слични приходи | 152.737,00 | 188.126,00 | 123,16 |
| I | Вкупни приходи | 8.716.159,00 | 10.571.108,00 | 121,81 |
| 1. | Материјални трошоци | 5.448.589,00 | 5.303.476,00 | 97,33 |
| 2. | Трошоци за вработените | 8.328.088,00 | 6.833.050,00 | 82,04 |
| 3. | Останати трошоци од работењето | 4.826.364,00 | 1.572.090,00 | 32,57 |
| 4. | Расходи по основ на камати,курсни разлики и слични расходи | 411.649,00 | 771.016,00 | 187,29 |
| II | Вкупни расходи | 19.014.690,00 | 14.479.632,00 | 76,16 |
| III | Разлика Приходи - Расходи ( I -II ) Добивка ( + ) / Загуба ( - ) од редовното работење | - 10.298.531,00 | - 3.908.524,00 | 37,95 |
| IV | Данок од добивка по Годишна сметка | 13.158,00 | 168.565,00 | - |
| V | Загуба / Добивка за финансиската година | - 10.311.689,00 | - 4.077.089,00 | 39,54 |

Деловната година траеше 365 дена, покривајќи го пресметковниот период од 01.01.2011 до 31.12.2011 година. Бројот на вработените на 31.12.2011 година на Друштвото изнесуава 16 , а просечно пресметаната и исплатената цела плата по вработен во деловната година изнесува 22.919,00 денари.

Управниот одбор на Друштвото ја усвои Годишната сметка на Друштвото со своја одлука и за истото ни ја достави и предлог одлуката да ја доставиме до Собранието на Друштвото за усвојување на истата. Управниот обор на Друштвото превзеде повеќе активности во текот на 2011 година за надминување на потешкотиите во работењето и надминувањето на загубата , заштита на капиталот на Друштвото, а се со цел да Друштвото во иднина остварува позитивни финасиски резултати , односно , профит .

4. Предлог одлука од Управен одбор за извори за покривање на загубата за финансиската година

Надзорниот одбор ја разгледа и ја препрати до Собранието на Друштвото ПРЕДЛОГ ОДЛУКАТА на Управниот одбор на Друштвото за извори за покривање на загубата за 2011 година .

Извештајот е изготвен со потполна согласност на сите членови на Надзорниот одбор.

Скопје, 28.05. .2012

Надзорен одбор

Даница Шишовска ------------------------

Љиљана Ангеловска ------------------------

Ѓорѓи Тоновски ------------------------